РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-801/2
17.11.2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава добиена од познат подносител, на првото продолжение од 55-тата седница одржано на 17.11.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата на /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-801/1 од 18.02.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека не е надлежна да постапува по погоре наведениот предмет.

Предметот со број 12-801 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението и во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-801/1 од 18.02.2021 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Добиената пријава се однесува на Приговор на објавена Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција од оглас број ///, објавена од Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија. Според подносителот, биле направени неправилности во првата и третата фаза од постапката за вработување по погоре посочениот јавен оглас, заради кои подносителот не бил прво рангиран кандидат за вработување. Од ДКСК бара да го преиспита случајот. Во прилог на пријавата доставен е еден доказ.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледување на наводите во пријавата и доставениот доказ, ДКСК оцени дека не е надлежна да постапува по предметот, пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира. Ова од причина што подносителот доколку смета дека во постапката за вработување по посочениот јавен оглас биле сторени неправилности, тогаш истиот имал право на жалба до Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија согласно со чл. 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 27/14 ... 14/20).

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: Н. Б.